**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК**
ВО НАСТАВНО – НАУЧНО ЗВАЊЕ - РЕДОВЕН ПРОФЕСОР
**ПО ПРЕДМЕТИТЕ**
**ОСНОВИ НА МЕНАЏМЕНТ И**
**МЕНАЏМЕНТ НА ПРОМЕНИ,**
НАУЧНА ОБЛАСТ:
БИЗНИС МЕНАЏМЕНТ
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ,
**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ**

Врз основа на објавениот конкурс во весниците „Нова Македонија" и „Коха" од 14.3.2019 год., а во согласност со одредбите на член 173 од Законот за високото образование (Сл. весник на Р.Македонија бр.82/18), како и членовите 30 и 31 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата седница одржана на 25.3.2019 год., донесе Одлука бр. 02-588/4 од 25.3.2019 год., со која не определи за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област бизнис менаџмент по предметите: Основи на менаџмент и Менаџмент на промени.

Рецензентската комисија, по опстојното проучување на целокупниот доставен материјал, а врз основа на член 173 од Законот за високото образование, како и членовите 33, 34, 35 и 36 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, го доставува следниов:

**Р Е Ц Е Н З Е Н Т С К И  И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс во весниците „Нова Македонија" и „Коха" од 14.3.2019 год. се пријави само кандидатот д-р Леонид Наков, досегашен вонреден професор по предметите основи на менаџмент, менаџмент на промени и деловна етика, на Економскиот факултет - Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

## 1. Биографски податоци

Д-р Леонид Наков е роден во Скопје, на 31 мај 1975 год., каде и ги завршува своето основно образование во училиштето "Иван Горан